## АКЦИОНЕН ПЛАН 2007 - 2009

| Акција | Време-траење | Буџет (во 1000 ден.) | Вредносна категорија | Резултати | Приоритет | Носител | меѓусекторска соработка | Поврзаност со целите - мерките од стратегијата | извори на финансирање |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **1. Улогата на шумарскиот сектор во решавањето на економските и социјалните прашања** | | | | | | | | | |
| **1.1. Шумски ресурси** | | | | | | | | | |
| **1. Пошумување на 2.500ha голини.** | 2007г. 3г. | 175,000 | Д | Пошумена површина од 2,500ha голини надвор од шума. | I | МЗШВ* | МЖСПП *; МФ* | 3.1.1. - 1. | програма |
| Од вкупно 1.159.600 ha шуми и шумско земјиште во Република Македонија, под шума се 947.653 ha, а останатите 211.947 ha шумско земјиште односно голини кои во наредниот перод, во согласност со просторниот план на Република Македонија, треба да се пошумат. Во првите три години се планира да се изврши пошумување на 2.500 ha голини, со автохтони лисјарски и/или иглолисни садници во зависност од местоположбата и надморската височина. Средствата за пошумување ќе се обезбедат од Програмата за проширена репродукција на шумите, од која ќе се финансираат одгледните и заштитните мерки на овие пошумени површини. | | | | | | | | | |
| **2. Отпочнување прва етапа на мелиорација на деградирани дабови шуми во Република Македонија на површина од 450 ha.** | 2007г. 3г. | 40,500 | Г | Подобрен квалитет на постојните дабови шуми. (Долготраен биолошки процес кој кај нас трае неколку децении). | II | МЗШВ; ЈПМШ* | МФ; МЖСПП | 3.1.1. - 2. | програма |
| Од 947.653 ha вкупна површина под шума, 9% (85.271 ha) се деградирани шуми (шикари, псевдомакии и сл.). Се предвидува за првите три години да се преведат во повисока форма на одгледување, 450 ha од овие деградирани дабови шуми. Предвидени активности се: чистење на теренот, механизирана подготовка за пошумување, набавка на садници и извршување на пошумување. Ќе се користат автохтони дрвни видови од родот на дабовите (Quercus). Средствата за пошумување ќе се обезбедат од Програмата за проширена репродукции на шумите. | | | | | | | | | |
| **3. Изработка на студија за интродукција и реинтродукција на дивеч во државните ловишта.** | 2008г. 1г. | 1,000 | Б | Добиени детални сознанија за природните услови и биологијата на дивечот и можности за негова интродукција и реитродукција. | I | МЗШВ, ШФС* | | 3.1.2. - 1.; 3.1.2. - 2. | буџет |
| Во тековниот стопански период, не е постигната нормалната бројна состојба на крупниот дивеч во државните ловишта. За одржливо стопанисување и развој на комерцијален лов потребна е студија во која ќе се опишат биоеколошките карактеристики на главните видови крупен дивеч, анализа на природните услови на ловиштата, препораки за реинтродукција и интродукција на крупен дивеч. | | | | | | | | | |

<table>
<tr><td>4. Изработка на студија за превентивна и пресупресивна заштита на шумите од пожари.</td><td>2007г.<br>1г.</td><td>1,000</td><td>Б</td><td>Изработена студија, со анализа на состојбата и степенот на загрозеност на шумите од пожари со предлог за соодветни превентивни и пресупресивни мерки.</td><td>I</td><td>МЗШВ; ШФС; ЈПМШ</td><td>ППСМ*; ДЗСРМ*</td><td>3.1.1. - 5.</td><td>програма</td></tr>
<tr><td colspan="10">Со студијата ќе биде направена анализа на актуелната состојба во заштитата на шумите од пожари. Според резултатите од оваа анализа ќе бидат предвидени најважните превентивни и пресупресивни мерки за заштита на шумите од пожари, најадекватни за наши услови. Како превентивни, ќе се разгледуваат: законските, информативно-пропагандните и воспитно-образовните мерки. Како пресупресивни (подготвителни) мерки ќе се разгледуваат: раното откривање на пожарите; навременото јавување; организирање транспорт на гасначите; избор и обука на гасначите; избор и набавка на соодветна опрема и механизација за локализирање и гаснење на пожарите; картирање и редукција на горливиот материал; изработка на противпожарни просеки; процена на степенот на опасност за појавување и развој на пожарите и изработка на оперативни планови за заштита од пожари.</td></tr>
<tr><td>5. Изработка на студија за природните наоѓалишта, количините, можните капацитети и критериуми за користење на другите шумски производи.</td><td>2007г.<br>1г.</td><td>1,000</td><td>Б</td><td>Изработена студија со опис на природните наоѓалишта, капацитетите, количините и нормативите за одржливо стопанисување.</td><td>II</td><td>МЗШВ; ЈПМШ</td><td></td><td>3.1.3. - 1.</td><td>донатори</td></tr>
<tr><td colspan="10">Досегашниот начин на користење на другите шумски производи е несоодветно организиран, неконтролиран и нестручен. Студијата ќе ги опише природните наоѓалишта со вкупните количини - капацитети и количините кои ќе може да се користат. Ќе предвиди и нормативи за периодот и начинот на собирање со еколошки прифатливи методи и практики за одржливо стопанисување со другите шумски производи.</td></tr>
<tr><td>6. Изработка на студија за развој на шумската патна мрежа во Република Македонија.</td><td>2008г.<br>1г.</td><td>1,000</td><td>Б</td><td>Изработена студија, со анализа на состојбата во шумската патна мрежа и со план и динамика за оптимална отвореност на шумите.</td><td>I</td><td>МЗШВ; ЈПМШ</td><td>ШФС</td><td>3.1.1. - 3.</td><td>програма</td></tr>
<tr><td colspan="10">Густината и квалитетот на постојните шумски патишта е далеку под стандардите кои значат оптимум за шумарството. Поголем дел од шумите не се отворени и тешко се пристапни за извршување на работи кои се итни и зависат од брзината на интервенцијата, особено за одгледување и заштита на шумите. Нивната изградба, најчесто е без стручно-техничка документација и не се проодни во текот на целата година. Од овие причини потребно е да се изврши прекатегоризација на постојната патна мрежа во планинскиот регион и да се издвојат шумските од локалните патишта. Едновремено би се утврдило влијанието на шумската патна мрежа врз животната средина.</td></tr>
</table>

| | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **7. Зајакнување на ИДПС* за шумарство (набавка на опрема, формирање на квалитетна база на податоци, стручно усовршување и сл.).** | 2007г. 2г. | 6,100 | В | Подобрени фитопатолошката и ентомолошката лабораторија; спроведена обука на персоналот; поставени 5 метеоролошки мониторинг станици. | II | МЗШВ; ШФС; ЈПМШ | | 3.1.1. - 5. | донатори |
| Со оваа акција се предвидува набавка на соодветна опрема за фитопатолошката и ентомолошката лабораторија при ИДП центарот.<br>Се предвидува обука и усовршување на одговорните лица за заштита на шумите во шумските стопанства во Република Македонија, и на персоналот во центарот на ИДП службата. Се предвидува поставување на 5 метеоролошки мониторинг станици кои ќе ги задоволат потребите од метеоролошки податоци во планинските региони, неопходни за правилно функционирање на службата. | | | | | | | | | |
| **8. Набавка на 37 специјализирани теренски возила (30 џипови и 7 цистерни) за локализирање и гаснење на шумски пожари, во состав на секторот за заштита при ЈПМШ.** | 2007г. 1г. | 130,000 | Д | Намалена опожарена површина; намалени директни и индиректни штети од шумски пожари; намалена емисија на стакленички гасови. | II | МЗШВ; ЈПМШ | | 3.1.1. - 5. | донатори |
| Анализирајќи ги искуставата од изминатите десетина години во однос на ефикасноста при локализирањето и гаснењето на шумските пожари, се покажа голем недостаток од соодветна механизација. Според анализата за периодот 1999-2003 година, вкупните директни штети од шумските пожари во Македонија изнесувале околу 25. 000 000,00 €. Според тоа, набавката на 37 специјализирани теренски возила (30 противпожарни џипови и 7 теренски цистерни) целосно е оправдана и неопходна. | | | | | | | | | |

### 1.2. Дрвна индустрија

| | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **9. Изработка на студија за производниот процес шума/дрво - финален производ со цел да се подобри ефикасноста во работењето.** | 2008г. 1г. | 1,000 | Б - д | Изработена студија со анализа на состојбата со препораки за ефикасност. | II | МЗШВ, МЕ*, ШФС; ЈПМШ | | 3.2. - 4. | донатори |
| Студијата е потребна заради утврдување на капацитетите за преработка, потребата на пазарот од одредени производи и капацитетот за производство на суровина за преработка.<br>Оваа студија пред се треба да ги утврди можностите за производство на финални производи во согласност со побарувачката на пазарот, можностите за исполнување на стандарди за производство, притоа имајќи го предвид увозот на готови производи што го реализираат фирмите во Република Македонија кои се бават со продажба на прозиводи ..... од дрвната индустрија.<br>Студијата треба да ги поврзе алките: суровина - примарна преработка - финален производ во синџир на производство. | | | | | | | | | |

**2. Улогата на државата во развојот на шумарскиот сектор**

**2.1. Стопанисување со државни шуми**

**2.1.1. Институции и нивниот капацитет**

| | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **10. Формирање Агенција за шумарство и ловство.** | 2007г. 1г. | 0 | Ѓ | Формирана агенција во чиј состав влегуваат: сектор за шумарство; сектор за ловство; сектор за уредување на шуми, уредување на ловишта и проектирање; и сектор за финансирање за унапредување на шумарството и ловството и други служби. | I | МЗШВ | Влада | 4.1.1. - 1. | |
| Поголем степен на организација на шумарството и ловството во рамките на институциите во државата, преку Агенцијата која ќе претставува независно регулаторно тело на Владата на Република Македонија. Квалитетно самостојно управување со шумите, шумското земјиште и дивечот во Република Македонија. .... Развивање на сите сектори во шумарството, со можност за квалитетно проектирање на сите мерки, на принципи на одржливо стопанисување. Можност на финансирање од други извори (дел на самофинансирање), за да не се предизвикуваат финансиски импликации на Буџетот на Република Македонија. Самостојна и ефикасна меѓусекторска соработка со институциите на системот. Со формирање на Агенција за шумарство и ловство во која ќе биде вклучен и сектор за финансирање, треба да се воведе нов и квалитетен систем на текот на парите во шумарството. Тука треба да се земе предвид дека со сегашниот модел на финансирање на шумарството фондовите кои се наменети за проста репродукција, проширена репродукција и Шумска полиција се празни поради неликвидноста на субјектот од кој се очекува и најголем прилив во фондовите. Поради ова, финансирањето во шумарството моментно се одразува неповолно на целата стопанска гранка.<br>Секторот за финансирање за унапредување на шумарството и ловството треба да воведе нов начин на финансирање во шумарството. | | | | | | | | | |
| **11. Донесување нова систематизација на Државниот инспекторат за шумарство и ловство со вкупно 25 инспектори.** | 2007г. 2г. | 0 | Ѓ | Извршена систематизација на Државниот инспекторат за шумарство и ловство. | I | МЗШВ | МФ | 4.1.1. - 4. | |
| Зголемен вкупниот број на државни инспектори од постојните 16 на 25 со нови 9 државни инспектори. Формиран ...сектор со 4 одделенија. Зголемена ефикасна контрола и заштита на шумите, шумското земјиште и дивечот во ловиштата. Ефикасна контрола над спроведувањето на законските и подзаконските акти од области на шумарството, ловството, заштитата од болести и штетници, производството на семе и посадочен материјал на шумски видови дрвја . декоративен шумски материјал и др. | | | | | | | | | |

| | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **12. Изготвување програма за начин на трансформација на ЈПМШ.** | 2007г. 1г. | 0 | Ѓ | Подготвен модел за трансформација/реорганизација на ЈП Македонски Шуми - Скопје. | I | МЗШВ | | 4.1.1. - 3.; 4.1.4. - 1. | |
| Трансформацијата на ЈПМШ треба да даде квалитетен модел за негово функционирање. Пред се трансформацијата треба да создаде услови за одржливо користење на обновливите ресурси, пазарно работење, мотивација на вработените, услови за одржлив развој на претпријатието и како краен резултат претпријатие ориентирано кон создавање на профит.<br>Трансформацијата треба да даде одговор како ефектно да се одбегнат политичките, бизнис и другите неповолни влијанија кои се можни неповолни фактори во работењето на претпријатието. | | | | | | | | | |
| **Законодавство** | | | | | | | | | |
| **13. Промена на постојната законска регулатива.** | 2007г. 3г. | 0 | Ѓ | Изменет Законот за шумите и донесување на подзаконски акти; Измена на Законот за ловството и донесување на подзаконски акти; Усогласени законски акти од областа на шумарството со соодветните акти на Европската унија; Донесени: нов Закон за шумите, кој ги регулира правата и обврските во шумарството; и нов Закон за ловство. | I | МЗШВ | | 3.1.2. - 2.; 3.1.2. - 3.; 3.2. - 4.; 4.1.1. - 1.; 4.1.1. - 3.; 4.1.1. - 5.; 4.1.1. - 6.; 4.1.1. - 7.; 4.1.1. - 8.; 4.1.2. -1.; 4.1.3. - 2.; 4.3. - 1.; 4.3. - 2.; 4.3. - 3. | |
| Донесувањето на стратегијата со акциониот план и приближувањето кон легислативната на Европската унија наметнува потреба од преструктуирање на постојните и формирање на нови институции. Исто така, постојната законска регулатива од одредени области не е усогласена со Законот за шумите и Законот за ловство и создаваат потешкотии при нивното спроведување. Вакви недостатоци се воочени во досегашната примена на Законот за шуми и Законот за ловството кои настанаа со укинувањето на одредени членови со донесувањето на Законот за заштита на природата. Оттука се наметнува потребата за изработка на нови закони за шумарството и ловството со соодветни подзаконски акти. | | | | | | | | | |

| | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **14. Донесување Закон за државниот инспекторат за шумарство и ловство.** | 2007г. 1г. | 0 | Ѓ | Донесен закон за државен инспекторат за шумарство и ловство. | I | МЗШВ | | 4.1.1. | |
| Со изготвување и донесување на Законот за државниот инспекторат за шумарство и ловство и донесување на негови поблиски прописи ќе се дефинира работата на Државниот инспекторат за шумарство и ловство и правата и обврските, односно начинот на инспектирање, овластувањата, одговорноста и казните на државните инспектори. Со тоа ќе се зголеми одговорноста, стручноста, објективноста и инвентивноста на работата на државните инспектори за шумарство и ловство. Ќе се пропишат стандарди за негово материјално и техничко опремување со што ќе се зголеми ефикасноста на работата. | | | | | | | | | |
| **15. Студија за шумски подрачја ризични од ерозија.** | 2007г. 1г. | 1,000 | Б | Изготвена студија и измена на Законот за шумите. | I | МЗШВ, ШФС | МЖСПП | 4.1.1. - 6. | програма |
| Ерозивните процеси започнуваат во горните делови на сливните подрачија, односно над шумата и во појасот на шумата, а последиците се гледаат во долните текови на коритата, каде што го оставаат наносот. Интензитетот на ерозијата е различен од регион до регион во зависност од многу фактори. За да се идентификуваат ризичните подрачја и да се дефинира степенот на ризикот и соодветно да се санираат тие подрачја потребна е студија. | | | | | | | | | |
| **16. Изменување и дополнување на Закон за заштита на природата.** | 2007г. 1г. | 0 | Ѓ | Воспоставен критериум за стручно планирање на активностите во шумите со посебна намена. | I | МЗШВ; МЖСП П | | 4.1.1. - 2.; 4.1.1. - 5.; 4.1.2. - 2. | |
| Со донесувањето на Законот за заштита на природата се укинаа некои членови од Законот за шумите и Законот за ловството без да се навлезе во суштината на тие членови и последиците од непочитувањето на овие посебни закони. | | | | | | | | | |

**2.1.2.Закон за шумите - спроведување и извршување/чување**

| | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **17. Техничко и материјално доопремување на шумската полиција.** | 2007г. 1г. | 25,000 | Г | Заштита на шумите од бесправни дејства и технички опремена Шумска полиција. | I | МЗШВ | МФ | 4.1.2. - 3.; 4.1.2. - 4. | донатори |
| Заради обавување на основната функција и зголемување на ефикасноста на шумската полиција за чување на шумите неопходна е набавка на 25 теренски возила, зимски и летни униформи, оружје, компјутери и други технички помагала. | | | | | | | | | |

## 2.1.3. Планирање во шумарството и управување со информации

| | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **18. Формирање на информатичка мрежа и воведување на ГИС* технологија.** | 2007г. 2г. | 25,200 | Г | Систем на внатрешна и надворешна комуникација со постојано одржување. | I | МЗШВ | | 4.1.3. - 3. | донатори |
| Досегашниот систем на комуникација помеѓу инволвираните во шумарството е несоодветен и неефикасен. Акцијата планира воспоставување рамка на шумарскиот информативен систем, т.е. формирање информатичка архитектура со 3 столба: администрација (министерство); едукација и наука (факултет); стопанство (ЈП, национални паркови и др.). Идејата е секој да има селективен пристап до базите т.е. да може да ги следи сите дозволени и селектирани бази, а да ги ажурира само оние податоци што се од негов домен. Во оваа фаза треба да се предвиди и набави хардвер и софтвер, нивно инсталирање и обука на кадарот кој ќе работи со него. | | | | | | | | | |
| **19. Формирање на шумарски информативен систем со база на податоци.** | 2007г. 2г. | 1,500 | В | Формирана база на податоци за шумарството со постојано ажурирање. | I | МЗШВ | | 4.1.3. - 3. | донатори |
| Акцијата предвидува планирање на содржината и обликот на базите, како и нивно формирање со детален план за ажурирање. Во овој дел би требало да се развијат или набават специјализирани софтверски пакети и да се обучи соодветен кадар на факултетот, во администарцијата и во стопанството. | | | | | | | | | |
| **20. Ажурирање на евиденцијата за државни шуми и разграничување на приватните од државните шуми, во КО* каде е во примена катастарот на недвижности.** | 2008г. 2г. | 6,000 | В | Разграничени и обележани границите на терен помеѓу приватните и државните шуми. | I | МЗШВ, ДЗГР* | | 4.1.3. - 3.; 4.2. - 1. | донатори |
| Во Република Македонија нема точна катастарска евиденција за шумите. Државниот завод за геодетски работи изготвува катастар кој во некои општини е завршен, а за некои е во тек. Во општините со изготвен катастар треба да се искористат податоците и да се разграничи сопственоста и намената на шумите (шуми и шумско земјиште од земјоделско земјиште; приватни од државни шуми). | | | | | | | | | |
| **21. Изготвување методологија за извршување на национална инвентаризација на шумите.** | 2007г. 1г. | 1,000 | Ѓ | Изготвена методологија за национална инвентаризација на шумите. | I | МЗШВ | ШФС | 4.1.3. - 1. | донатори |
| Повеќето од земјите во Европа и во нашето соседство имаат извршено Национална инвентаризација на шумите, што подразбира евидентирање на се што е во шумите но по посебна специфична технологија. Заради посебниот пристап во собирањето и обработката на податоците потебно е да се изготви соодветна методологија за овој проект. | | | | | | | | | |

| | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **22. Спроведување на инвентаризација на шумите во Република Македонија.** | 2007г. 3г. | 372,000 | Д | Спроведена инвентаризација. | I | МЗШВ | | 4.1.3. - 1. | донатори |
| Национална инвентаризација на шумитре во Република Македонија до сега не е извршена и треба да се изврши затоа што инвентаризацијата која постои кај нас е стопанска и одгледно-заштитна и не соодветствува на критериумите кои постојат во Европа. | | | | | | | | | |
| **23. Усовршување на шумарскиот кадар од областа на планирање и еколошки прифатлив менаџмент.** | 2008г. 2г. | 3,100 | В | Подигање на стручноста на кадарот од областа на планирањето во шумарството. | III | МЗШВ; ШФС; ЈПМШ | | 4.1.3. - 4. | донатори |
| Одржување на семинари и работилници, посета на институции од други земји и меѓународна соработка преку размена на искуства и проекти од областа на планирањето (уредувањето) и еколошки прифатливо стопанисување. | | | | | | | | | |
| **24. Воведување на лиценцирање на независни институции кои ќе извршуваат дејности на уредување на шуми, уредување на ловишта и проектирање.** | 2007г. 1г. | 0 | Ѓ | Промена на законската регулатива. | I | МЗШВ | | 4.1.3. - 4.; 4.3. - 1. | |
| Со лиценцирањето на правни лица ќе се создадат услови за подобар квалитет на изработка на плановите за стопанисување со шуми и ловишта и внесување на нови технологии. Истото ќе се регулира во законска рамка. | | | | | | | | | |
| **25. Изработка на Општ план за стопанисување со шумите во Република Македонија.** | 2007г. 3г. | 12,500 | Г | Изработен Општ план за стопанисување со шумите во Република Македонија. | I | МЗШВ, ШФС | | 4.1.3. | донатори |
| Општиот план за стопанисување со шумите во Република Македонија е законска обврска и тој требаше до сега да е донесен. Потребата за негово донесување е земена за приоритет. | | | | | | | | | |

**2.1.4. Финансирање**

| | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **26. Студија за валоризација на шумите** | 2008г. 1г. | 1,000 | Б | Утврдена вредност на општокорисните функции на шумите. | II | МЗШВ, ЈПМШ, ШФС | НВО* | 4.1.4. - 4.; 5.1. | донатори |
| Вредноста на шумите до сега главно се прикажува само како дрво и дрвни сортименти. Нејзината вредност е многукратно повисока, но колкава е таа вредност навистина, потребно е да се направи научна стдија и да се изврши валоризација. | | | | | | | | | |

**2.2.Сопственост на шумата**

| | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **27. Организирање информативни семинари за приватни сопственици на шуми.** | 2008г. 2г. | 750 | Б | Подобрена информираност на приватните сопственици на шуми за погодности околу нивните права и должности. | II | МЗШВ, ШФС и ЈПМШ | НВО | 4.2. - 2.; 4.3. - 4.; 4.3. - 5. | донатори |
| Одржување на семинари и работилници за брзо и квалитетно информирање на приватните сопственици за нивните права и должности како и за начинот на соработка меѓу сопствениците и државните институции од областа на шумарството. | | | | | | | | | |

**2.3.Стопанисување со приватни шуми**

| | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **28. Создавање услови лиценцирани правни и физички лица од шумарството да даваат услуги на сопствениците на шуми.** | 2008г. 1г. | 0 | Ѓ | Промена во нормативната база. | II | МЗШВ | | 4.3. - 1. | |
| Заради недоволната стручна образованост на приватните соспственици на шуми за значењето на шумите и методите на стопанисување со истите, потребно е обучување и лиценцирање на правни и стручни лица кои ќе даваат услуги од областа на шумарството, односно би им помагале на сопствениците при менаџирањето на сопствените шуми. | | | | | | | | | |
| **29. Поддршка на сопствениците преку давање информации во однос на пошумувањето, обновата, заштита на шумите, нивното управување, планирање и сертификација.** | 2009г. 1г. | 0 | Ѓ | Давање информации и совети на сопствениците на шуми. | II | МЗШВ | НВО | 4.3. - 5. | |
| Стручна помош за извршување на работите, односно обрвските за подобрување на квалитетот на шумите од областа на пошумувањата, одгледните мерки, заштитата од болести и штетници и пожари. | | | | | | | | | |
| **30. Изработка на брошура за запознавање на правата и обврските на сопствениците на приватните шуми.** | 2009г. 1г. | 300 | Б | Брошура со тираж од 20.000 со волумен најмногу 20 страни. | I | МЗШВ | | 4.3. | донатори |
| Со брошурата ќе се овозможи достапност на сите приватни сопственици со информаците за нивните права, обврски, постигнати резултати, планирани активности, можности за користење на фондови и инвестирање од областа на заштитата од болести и штетници, пошумување, одгледување на шумите и одржливо користење на други шумски производи. | | | | | | | | | |

**2.4. Јавна свест**

| | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **31. Креирање и постојано одржување на интернет страна при надлежната институција за шумарството.** | 2008г. 1г. | 60 | А | Редовно ажурирана интернет страна со сите информации за шумарството во Република Македонија. | I | МЗШВ | | 4.4. - 1.; 4.4. - 3. | буџет |
| Транспарентност во информирањето на сите граѓани за активностите кои се превземаат во делот на шумарството и ловството со цел за добивање на сугестии и забелешки од јавноста. | | | | | | | | | |
| **32. Промотивна кампања за подигнување на јавната свест.** | 2007г. 1г. | 1,000 | Б | Подигната јавна свест во однос на шумарството. | I | МЗШВ, ШФС, ЈПМШ | НВО | 4.4. - 1. | донатори |
| Запознавање на јавноста со општокорисните функции на шумите и нивното значење за доброто на човекот и улогата на шумарството во одржувањето и унапредувањето на животната средина. | | | | | | | | | |

**2.5. Образование, усовршување и доквалификација**

| | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **33. Ревизија (воспоставување) на специјалистички студии, специјализации (стекнување титула специјалист) на Шумарскиот факултет во Скопје.** | 2007г. 1г. | 0 | Ѓ | Започнати специјалистички курсеви. | II | ШФС | | 4.5. - 1. | |
| Специјалистичите студии на Шумарскиот факултет - Скопје, иако формално постојат, во пракса не се применуват веќе подолг временски период. Од практични причини, специјалистичките студии би биле од големо значење, бидејќи за предвиден период од 6-12 месеци би овозможиле насочување на шумарски инженери за разни области во шумарството, во конкретни проблематики.<br>Потребно е да се ревидираат досегашните специјалистички студии, и да се планираат поголем број области и теми за специјализации, со можност на кандидатите за поголем избор во однос на програмите.<br>Системот за специјалистички студии во иднина би бил компатибилен со европските и светските системи на школство. | | | | | | | | | |

<table>
<tr><td>34. Ревизија и осовременување на последипломските студии (стекнување магистратура и докторат) при Шумарскиот Факултет, во согласност со КТС* компатибилен со ЕКТС*.</td><td>2007г.<br>1г.</td><td>0</td><td>Ѓ</td><td>Постдипломски студии во согласност ЕКТС.</td><td>III</td><td>ШФС;<br>УКИМ*</td><td></td><td>4.5. - 1.</td><td></td></tr>
<tr><td colspan="10">Неопходно е да се ревидираат последипломските студии на Шумарскиот факултет во Скопје во најкраток можен рок, и да се преформатираат во согласност со КТС системот. Ова подразбира целосна промена на однапред зацртаните студиски програми во одредени области, со програми кои овозможуваат голема изборност на предмети, како и мобилност на студентите, односно стекнување со кредити на други соодветни факултети, или универзитети. Освен тоа, потребно е да се воведе активна настава, како и да се стимулира поголема директна инволвираност на студентот во практична работа. Со ова ќе се обезбеди посоодветна квалификација на идните магистри и доктори на науки, како во совладување на проблеми во праксата, така и во науката.</td></tr>
<tr><td>35. Изградба на теренски стационар (центар за обука) шумска површина доделена на ШФС, за настава и научно истражувачки активности.</td><td>2007г.<br>3г.</td><td>18,600</td><td>Г</td><td>Изграден и ставен во функција теренски стационар.</td><td>II</td><td>ШФС;<br>МЗШВ</td><td></td><td>4.5.</td><td>донатори</td></tr>
<tr><td colspan="10">Заради успешно обучување на идните кадри и работниците од шумарската струка во извршување на практичниот дел од работите, потребно е да се изгради еден стационарен центар, а во неговата околина да се даде на користење определена површина под шума.</td></tr>
</table>

## 2.6. Истражувања во шумарството

<table>
<tr><td>36. Развивање на програма за адаптација на шумарството во услови на глобалните климатски промени.</td><td>2009г.<br>1г.</td><td>1,000</td><td>Б</td><td>Програма за адаптација на шумарството кон глобалните климатски промени.</td><td>II</td><td>ШФС,<br>МЗШВ</td><td>МЖСПП</td><td>4.6. - 7.; 4.6. - 8.</td><td>донатори</td></tr>
<tr><td colspan="10">Бидејќи се залагаме во иднина да имаме модерно шумарство кое ќе стопанисува на одржлив начин, тогаш неминовно треба да обрнеме внимание на влијанието на глобалните климатски промени врз шумата и според актуелните состојби на теренот и предвидувањата за во иднина, да настојуваме да стопанисуваме со шумите во склад со нив. За таа потреба ќе се развие оваа програма која ќе воспостави критериуми за стопанисување со шумите сообразно на глобалните климатски промени и сите важечки регулативи од оваа област, притоа водејќи сметка за квалитетот и квантитетот на шумата како обновлив ресурс.</td></tr>
</table>

## 2.7. Меѓусекторска и меѓународна соработка

| | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **37. Создавање на консултативни тела за шумите на национално и локално ниво.** | 2008г. 1г. | 0 | Ѓ | Создадени консултативни тела. | III | МЗШВ | | 4.1.2. - 2.; 4.7. - 2.; 4.7. - 3. | |
| Создавање советодавни тела, регулирани со закон кои ќе имаат улога на поврзување и подобра соработка помеѓу сектори, меѓународна соработка, приватните институции од областа на шумарството, животната средина и пошироката јавност. | | | | | | | | | |

## 3. Аспекти на животна средина

### 3.1. Заштитна улога на шумата

| | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **38. Изработка на студија за влијанието на активностите на шумарството врз шумските екосистеми.** | 2007г. 3г. | 1,000 | Б | Добиени резултати за влијанието на активностите во шумарството врз шумските екосистеми. Публикација со насоки за соодветно стопанисување. | I | МЗШВ; ШФС | МЖСПП | 5.1. - 1. | донатори |
| Активностите кои ги изведува шумарството во шумите главно се во функција на стопанисувањето што пдразбира одгледување заштита и користење и сето тоа е во позитивна насока. Во колкава мера се позитивни и какви се резултатите од тие активности треба реално да се оценат и правилно да се насочат за да се ибегнат евентуалните негативности (изградба на патишта, пошумување, третирање со разни пестициди и фунгициди, заштита на одредени видови од растителниот и животински свет и др.) | | | | | | | | | |
| **39. Изготвување студија за капацитети и технологии за користење на биомасата во Република Македонија.** | 2008г. 1г. | 1,000 | Б | Добиена проценка за примена на технологии за користење на биомасата од шумските ресурси. | II | МЗШВ; ШФС; ЈПМШ; | МЕ | 3.2. - 7. | донатори |
| Заради големото учество на огревното дрво како енергенс, особено за добивање на топлотна енергија (околу 76% според извештај на Светска банка), а со цел зголемување на ефективноста при добивањето на енергија, потребна е изработка на студија со која ќе се провери можноста и економската оправданост од воведување на нови технологии при користењето на дрвото како енергенс. Притоа се мисли на технологии за добивање на топлотна и електрична енергија од дрвото и другата биомаса (системи за когенерација), централни системи за затоплување на помали градови и села, мали електрани (3-5 MW) и сл. | | | | | | | | | |

### 3.2. Зачувување на биолошката разновидност

| | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **40. Да се спроведе сертификација на 30% од шумите во Република Македонија (високостеблените шуми).** | 2007г. 3г. | 17,000 | Г | Завршена сертификација на 30% од шумите. | II | МЗШВ | МЖСПП | 3.2. - 5.; 5.2. | донатори |
| Со спроведувањето на сертификацијата ќе се овозможат услови за продажба на производите од шума во земјите од Европа и пошироко, а со тоа ќе се прошири пазарот од интерен во екстерен тип. | | | | | | | | | |

## 4. Социјални аспекти

### 4.1. Придонесот на шумарството во создавањето на работни места, благосостојба и намалување на сиромаштијата

| | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **41. Создавање услови за развој на локални мали и средни трговски друштва за преработување на ДШП* (консултации, обука и информации).** | 2008г. 2г. | 1,000 | Б | Воспосоставен механизам за стимулирање на создавање на локални мали и средни трговски друштва. | II | МЕ, МФ | МЗШВ | 6.1. - 1. | донатори |
| Со формирањето на трговските друштва во руралните средини ќе се создадат услови за одржливо користење и преработка на другите шумски производи, а со тоа ќе се подобри животниот стандард и условите за живеење во тие средини. | | | | | | | | | |

### 4.2. Придонес во руралниот развој

| | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **42. Изготвување студија за шумските туристички ресурси и нивниот потенцијал за развој на локално и регионално ниво.** | 2009г. 1г. | 1,000 | Б | Изготвена студија. | III | МЗШВ; ЈПМШ | МЛС*; МЕ | 6.2. - 1.; 6.2. - 2. | донатори |
| Со студијата ќе се констатира можноста, начинот, типовите и капацитетот на туристичко-рекреативните ресурси кои ќе придонесат за развој на локално и на регионално ниво. | | | | | | | | | |

| **Вредносни категории во денари** | **број на предвидени акции** |
|---|---|
| А = < 100,000 | 1 |
| Б = 100,001 - 1,000,000 | 15 |
| В = 1,000,001 - 10,000,000 | 4 |
| Г = 10,000,001 - 100,000,000 | 6 |
| Д = 100,000,001 > | 3 |
| Ѓ = без финансирање | 13 |

**употребувани кратенки:**

| | |
|---|---|
| МЗШВ | Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство |
| МЖСПП | Министерство за животна средина и просторно планирање |
| МФ | Министерство за финансии |
| ЈПМШ | Јавно претпријатие "Македонски шуми" - Скопје |
| ШФС | Шумарски Факултет - Скопје |
| ППСМ | Противпожарен сојуз на Македонија |
| ДЗСРМ | Дирекција за заштита и спасување на Република Македонија |
| ИДПС | Извештајно-дијагнозно-прогнозна служба |
| МЕ | Министерство за економија |
| ГИС | Географски информативен систем |
| КО | Катастарска општина |
| ДЗГР | Државен завод за геодетски работи |
| НВО | Невладина организација |
| КТС | кредит трансфер систем |
| ЕКТС | Европски кредит трансфер систем |
| УКИМ | Универзитет "Св. Кирил и Методиј" |
| ДШП | други шумски производи |
| МЛС | Министерство за локална самоуправа |